РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-4413/1 од 29.12.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Предметот нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-4413 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4413/1 од 29.12.2020 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат незадоволство од нерешени имотно-правни прашања во врска со експропријација на имот - земјоделско земјиште, семејна куќа, помошна просторија и гаража во ///, сопственост на подносителот. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази во вид на фотографии.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Надлежен орган за заштита на интересите на подносителот во врска со овој конкретен случај е Народниот правобранител на РСМ.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот

Одобрил: Г. Т.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**